## *Почитувани колешки и колеги,*

*Имам задоволство да Ве информирам дека Стоматолошкиот факултет во Скопје организира семинар насловен како „Естетика во стоматологијата“.*

*Денес, пациентот кој доаѓа во стоматолошката ординација има безмерна мотивираност бидејќи потребните услуги вклучуваат примена на можностите за естетска стоматологија. Нивните специфични потреби и големи очекувања бараат од современиот стоматолог да може да обезбеди естетски резултати од највисоко ниво.*

*За високоестетските стоматолошки услуги, неминовно е стоматологот, забниот техничар и пациентот да се здружат во една трипартитна задача, а тоа е: да ја согледаат естетската цел, да изберат соодветни материјали и да применат соодветни техники за да можат сите заедно да бидат задоволни од постигнатите резултати.*

*Преку семинарската програма што Ви ја нудиме, нашите предавачи, реномирани стручњаци од земјава и од странство, веруваме дека ќе Ви помогнат во разрешување на некои професионални дилеми, ќе Ви овозможат да создадете сопствен план за лично професионално усовршување или воведување современи естетски програми во Вашата практика. Со терапевтски план што се темели на точна дијагноза, а следствено, и прогноза, нема да се најдете затечени поради неочекувани третмански резултати.*

*Предавачите на овој семинар се врвни експерти, клиничари и наставници. Тие се „мајстори“ во создавањето блескава насмевка што ги воодушевува подеднакво и пациентите и терапевтскиот тим, но, секако, без да бидат занемарени критериумите на медицинската етика и фукционалност на изработките. Тие, можеби ќе Ве предизвикаат Вашата стоматолошка практика да ја подигнете на повисоко ниво, па, да бидете задоволни и Вие и Вашите пациенти.*

*За сите дополнителни информации Ве молиме контактирајте со нас. Ве очекуваме!*

Проф. д-р **Марија Накова**
*декан на Стоматолошки факултет - Скопје*